INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE



# СПОРЕДБЕН ПРЕГЛЕД НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ВОПОГЛЕД НА МЕДИУМСКИТЕ АУДИОВИЗУЕЛНИ УСЛУГИ

|Ана Мукоска / Ристо Алексовски|

Табелата што ја гледате подолу е поткрепена со детални анализи според земја. Секако дека постојат специфичности за секоја национален контекст. Сепак, во поглед на некои основни вредности кога станува збор за законската регулација на медиумските слободи постојат карактеристки кои ги делат сите земји покриени со овој преглед освен Ирска и Унгарија чии закони се послични на македонскиот. Имено, во делот на програмските прашања ЕУ директивата налага регулација на реклами (што се повеќе економски правила на игра одошто програмски или идеолошки), заштита на малолетничка публика и сопственички права (интелектуална сопственост, on demand и слично) како и заштитата на европската продукција. Во потесна смисла на зборот, единствената одредба од Директивата што навлегува во содржините и пропишува некакво регулирање е онаа за промоција на европската аудиовизуелна продукција. Европските законодавства ја следат оваа насока и пропишуваат квоти за содржини од европко и национално производство но освен во ретки исклучоци никогаш не казнуваат за нејзино неисполнување туку предлагаат реструктурирање на програмата, нудат насоки, препораки и слично. Останатите програмски прашања воопшто не се предмет на казна, со исклучок на оние кои ги покрива ЕУ директивата и за кои рековме дека се повеќе од економски ред и редот на човековите и детски права одошто програмските политики во потесна смисла на зборот(рекламите, малолетничка публика, on demand и слично). Една од ретките земји која предвидува казни за непочитување на квотите за европска и национална продукција е Франција, која, сепак, допушта Регулаторното тело да просуди дали ќе одреди казна или насоки за реорганизирање на програмата на годишно (а не неделно) ниво. Накратко, не се навлегува во жанрови и во детални технички прописи кога станува збор за програмските прашања. За уредничката слобода во креирањето на програмата постојат во просек 2 глоби на ниво на сето европско законодавство покриено со досегашната анализа, а вкупниот број на глоби (во просек) е неколку пати помал од македонскиот.

| ЕУ ЗЕМЈА | РЕГУЛИРАНИ ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ НА НИВО НА ЗАКОН | | КВОТИ/ВРЕМЕНСКИ РАМКИ ЗА ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ ДЕФИНИРАНИ НА НИВО НА ЗАКОН. КВОТИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД: | | | ГЛОБИ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА ЧЛЕНОВИ КОИ РЕГУЛИРААТ ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ НАДВОР ОД ОДРЕДБИТЕ ЗА ПРОГРАМСКИТЕ ПРАШАЊА НА ЕУ ДИРЕКТИВАТА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Содржините регулирани со ЕУ директивата | Посебни законски решенија во поглед на други програмски прашања | ЕУ Директива | Др. | Заштита на национален/малцински јазик/домашна продукција | |
| АВСТРИЈА | Да | Не | Да | Не | Не | Не |
| ГЕРМАНИЈА | Да | Не | Не | Не | Не | Не |
| ДАНСКА | Да | Не | Не | Не | Не | Не |
| ИРСКА | Да | Не (освен: алокација на временските термини не треба да се дава предност на една политчка партија) | Не | Да (квоти за вести и актуелни настани за аудио радиодифузија) | Не | Да |
| СЛОВАЧКА | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| СЛОВЕНИЈА | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| ФИНСКА | Да | Да | Да | Не | Не | Не |
| ФРАНЦИЈА | Да | Да | Да | Не | Да | Не (освен за квотите за европска и француска продукција) |
| ХОЛАНДИЈА | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| ХРВАТСКА | Да | Не | Да | Не | Да | Да |
| ШВЕДСКА | Да | Не | Да | Не | Не | Не |
| ВЕЛИКА БРИТАНИЈА | Да | Не | Не | Не | Не | Не |
| ИТАЛИЈА | Да | Не | Да | Да | Не | Не |
| БЕЛГИЈА | Да | Не | Да | Не | Не | Не |
| БУГАРИЈА | Да | Не | Да | Не | Да | Да (само за употреба на службениот јазик) |
| ГРЦИЈА | Да | Не | Не | Не | Не | Не |
| УНГАРИЈА | Да | ДА (Централизирана продукција на вести за јавни радиодифузери) | Да | Да | Да | Да |